Вера ГЕОРГИЕВА

# ИНТЕРЕСОТ НА КАРЛ МАРКС ЗА АНТИЧКАТА ФИЛОЗОФИЈА

Многу автори честопати ја истакнувале величината на антиката и нејзиното значење не само како вреден споменик на старата култура туку и како богат извор и ризница на безброј можности за откривање и запознавање на богатството, уметничкиот раскош, изворното, длабоко проникнување во тајните и облиците на мисловниот, творечкиот хоризонт на антиката.

Така, не случајно, Енгелс сметал дека има безброј причини да се враќаме кон достигањата на антиката, а дека „во разноообразните форми на грчката филозофија веќе се содржат, во никулец, речиси сите подоцнежни типови погледи на светот". Тој со право истакнува дека погледите на некои антички мислители „веќе на дело поминале во основата на културата и филозофската свест на човекот"[1]).

Достигањата на антиката Карл Маркс вонредно ги познавал и особено ги ценел. Велел дека Грците секогаш ќе останат наши учители бидејќи антиката секогаш ќе остане наша духовна татковина. Па иако е тоа „историско детство на човештвото", тоа токму тогаш „најубаво се расцутело"[2]).

Несомнен е фактот дека античката филозофија извршила големо влијание и има особено значење во формирањето на подоцнежната филозофска мисла. Тоа влијание е еден од показателите дека во историјата на филозофијата постои континуитет дека поставувањето и продолжувањето на проблемите во филозофската размисла се темелат на долга филозофска традиција и длабока поврзаност на филозофските гледишта.

Така, некои од проблемите кои ги сретнуваме во античката филозофија ги препознаваме, на нив продолжуваат, од нив се оградуваат или спорат мнозина доцнежни филозофи. Затоа не е чудно што во средновековието во филозофијата постојат неоплатонизмот и аристотелизмот, стоицизмот и епикуреиз-

---

1) Ф. Енгелс, Анти-Диринг, Култура, 1959, 27.

2) К. Маркс, Прилог кон критиката на политичката економија, Белград Култура, 1969, 241.

мот во ренесансната филозофија итн., а за одделни филозофи кои биле директно под влијание или кои се спротивставувале на некои антички филозофи и да не набројуваме.

Но, се чини, овде клучно е прашањето што го поставува Маркс кога зборува за грчката уметност и грчкиот еп, а тоа би важело подеднакво и за филозофијата дека основната тешкотија не е да се разбере дека тие се извесни облици на општествениот развиток, „туку тешкотијата е во тоа да се разбере дека нам тие сè уште ни даваат уметничко уживање и што во извесен поглед важат како норма и недостижен урнек“[3]).

Прашањето за интересот на Карл Маркс за античката филозофија, од една страна, и влијанието на неговите познавања на античката филозофија врз неговите ставови и гледишта, од друга страна, често биле запоставувани и останувале надвор од „сериозниот“ обид за истражување на комплексноста на Марксовата мисла.

Прашањето на Марксовиот интерес за античката филозофска мисла не може да се оддели од проблемот за нејзиното влијание врз формирањето на неговата мисла и дело. Но, исто така, би било еднострано и погрешно кога овие прашања би се оттргнале од другите извори и компоненти на неговиот мисловен развиток. Сигурно е дека Марксовиот интерес за други, одделни периоди од историјата на филозофијата или некоја друга научна област имале исто така вонредно значење во формирањето, во изградувањето на неговото гледиште.

Карл Маркс имал одлично класично образование. Познавањето на грчкиот и латинскиот јазик го стекнал уште во гимназиските денови. Тој имал прилика честопати да се одушевува од Лудвиг фон Весталeн, таткото на Џени фон Весталeн, кога овој со занес и љубов напамет рецитирал цели пеења од „Илијадата“ и „Одисејата“. Затоа, не случајно Маркс му ги посветил редовите на својата докторска дисертација.

Самиот Маркс многупати ги читал античките автори на грчки јазик, а секоја година одново се навраќал на Есхиловиот „Прометеј“. Ѓорѓ Лукач исто така го истакнува тој интерес на Маркс и вели дека тоа е „романтичарско уживање во поезијата и белетристиката“[4]).

Интересирањето на Маркс не било свртено само кон античката филозофија туку тој ги познавал и изучувал политичките и духовните прилики во антиката, па во своите дела на многу места спомнува значајни војсководци, државници, зборува за законите и приликите во Грција и Рим. Токму затоа тие негови навраќања кон проблеми од антиката и античката фило-

---

[3]) Карл Маркс, Прилог кон критиката на политичката економија, Београд, Култура, 1969, 240.

[4]) Ѓ. Лукач, Млади Маркс, БИГЗ, Београд, 1976, 10.

зофија во делата во кои не се занимава систематски со еден проблем, не се само пример на вонредни асоцијации и ерудиција туку сведочат дека Маркс го градел своето гледиште врз основа на одлично познавање и на античката филозофска мисла.

Затоа е еднострано сфаќањето на Лудовико Силва дека класичното образование што го имал Маркс му помогнало само во изградувањето на неговиот книжевен стил[5]).

Значи, од друга страна интересот на Маркс за античката филозофија не би требало да се одвои ниту од овој негов интерес за антиката, пошироко, за античкото општествено-политичко уредување и секојдневно живеење. Сепак овде ќе стане збор само за неговото интересирање и занимавање со античката филозофија.

Тешко дека ќе се најде друг проблем од неговото творештво кој би бил во толкава мера заобиколен или само рамнодушно спомнат. Овде нема да ги откриваме и набројуваме причините за тоа. Доволно е да се погледнат некои студии за Марксовиот живот, било да имаат биографски карактер или програмски да се занимаваат со неговото творештво[6]).

Врз основа на изворниот материјал може критички да се испита и да се покаже неговото занимавање со античката филозофија. Овде треба да се истакнат две тешкотии што стојат на тој пат:

1. На почетокот, пред секоја анализа е пречката, прашањето за потполноста на наследениот материјал. Дијалогот „Клеантес или за изворот и нужниот развиток на филозофијата" не е сочуван. Во писмото до татко му од 10 ноември 1837 година Маркс овој голем дијалог го нарекува свое „најмило дете негувано на месечина", но труд кој му предизвикал главоболки, конфузно напишан, а според намерата тоа требало да биде „нова логика".

И понатаму, изгубени се IV и V глава од I дел од неговата докторска дисертација „Разликата меѓу Демокритовата и Епикуровата филозофија на природата".

2. Покрај таа „празнина", од друга страна, се добива впечаток дека Маркс се интересирал за античката филозофија само во т.н. ран период во неговиот мисловен развиток. Во делата од доцнежниот период тој само фрагментарно, несистемски, патем се навраќал на прашања врзани за античката филозофија. По докторската дисертација тој не напишал дело или систематски приказ во некоја своја книга посветен на проучување на некој проблем или филозоф од античката филозофија. Сепак,

---

[5]) Л. Силва, Марксов књижевни стил.
[6]) Да ги спомнеме делата на:
— Michel Henry, Marx, Paris, 1976.
— Lucio Colletti, Early Writings Marx, London, 1977.
— R. Garodi, Karl Marx, Zagreb, 1976.

во неговата филозофска мисла не престанува да се препознава и открива, во неа е инкорпорирано гледиштето за античката филозофија. Затоа може да се заклучи дека:

1. — трудовите на Маркс од младешкиот период во кои се занимава со античката филозофија преставуваат незаобиколен момент во неговиот мисловен развиток;

— во нив Маркс го поставил темелот на своите подоцнежни сфаќања;

2. — античката филозофска мисла претставува историска претпоставка на Марксовата филозофија.

Предраг Враницки истакнува две причини: зошто Маркс ја изучувал античката филозофија и зошто одбрал докторска дисертација на тема токму од античката филозофија. Марксовиот интерес за античката филозофија во времето кога подготвувал и пишувал докторска дисертација е разбирлив од фактот дека тој тогаш пишувал и работел, интензивно учел и учествувал во клубот на младохегеловците, а „младохегеловците својата ситуација по великиот Хегел донекаде ја споредувале со филозофската ситуација во Грција по најголемиот грчки филозоф Аристотел“[7]), за кого Маркс велел дека е „Александар Македонски на грчката филозофија“[8]).

2. Втората причина за занимавање со античката филозофија Враницки мисли дека е позначајна, а тоа е што Маркс „во Епикуровата филозофија наоѓа и потврда за својот став за филозофијата на самосвеста“[9]).

Младохегеловците ја толкувале религијата и посебно христијанското учење различно од Хегеловото шематско „помирување“ на религијата и филозофијата.

Во своето појавување христијанството ветувало и нудело можности за „спасување“ на човекот, на поединецот. Од друга страна, извесни антички филозофски мислења исто така човекот го сметале за центар на своите интереси, а своите размислувања ги насочувале кон барање одговор на прашањето која е „мерката“, „правилото“ на животот, „што е среќата“, и што ќе му осигура на човекот духовно спокојство и слобода.

Меѓу нив особен интерес предизвикувале стоичарите, скептичарите и епикурејците, чии ставови за младохегеловците не биле ништо друго туку израз на „самосвеста“ и слободата.

Маркс неколку години интензивно ги изучувал нивните гледишта и имал намера да напише опширна книга. Од своите подготовки ја напишал само докторската дисертација. Таа об-

7) К. Маркс, Ф. Енгелс, Избор од раната мисла, Скопје, 1974, од предговорот на П. Враницки, стр. 10.

8) К. Маркс, Разлика између Демокритове и Епикурове филозофије природе, 1963, 7.

9) Цит. дело, 10.

работува само едно специфично прашање за односот на Епикур спрема Демокрит.

Се разбира, Маркс не бил единствениот, не бил прв кој пишувал за Епикур. Постоела бројна литература во која централно место заземала прочуената „Историја на филозофијата" од Хегел.

Она што Маркс го остварил во својата докторска дисертација го означува почетокот на раскинувањето, заземањето критички став спрема Хегел. Веднаш ќе се запрашаме како е тоа можно кога првиот впечаток и податок кога се чита неговата докторска дисертација е дека терминологијата е хегеловска, категоријалниот апарат е „апарат на хегеловата логика — концептот на филозофијата бил младохегеловски"[10]).

Всушност, во дисертацијата Маркс му ја спротивставува својата оценка на Епикуровата филозофија на Хегеловото тврдење дека тој е само продолжувач на филозофијата на Демокрит, и тоа продолжувач чиј обид е безуспешен, бидејќи неговиот атеистички материјализам содржел неосновани и противречни тврдења[11]).

Затоа Маркс одново го поставил прашањето за оригиналноста на Епикуровиот придонес во историјата на филозофијата. Со критичкиот став кон Хегеловата оценка Маркс имал намера да ја прикаже Епикуровата филозофија најнапред во нејзиното историско значење. Епикурејската, стоичката и скептицистичката филозофија претставуваат „циклус" и се наоѓаат во врска со целокупното грчко умување"[12]).

Тој немал намера да го истражува нивното „општо значење за образованието воопшто" туку сакал да ја истакне само нивната врска со „постарата грчка филозофија", бидејќи смета дека „овие системи се клуч за вистинската историја на грчката филозофија"[13]). Но зошто е значајно да се расветли токму таа врска? Маркс одговара: Бидејќи обично овие три филозофски школи се сметале како „недволичен додаток кој не е во однос со своите огромни „премиси"[14]). Во својата „субјективна форма" овие филозофски правци Маркс ги смета за позначајни и поинтереси во однос на поранешните системи. Се разбира, тоа не значи потценување на величините како што се Платон и Аристотел, туку дека „смртта на јунакот личи на заоѓање на сонцето, а не на прскање на жабата која се надула"[15]).

Маркс смета дека Епикур е оригинален, самостоен мислител. Епикуровата филозофија не е неуспешна варијанта на Демокритовата мисла. Ова го докажува со откривање на разли-

---

10) Цит. дело, 10.
11) Хегел, Историја филозофије, БИГЗ, Београд, 1975, Том II, стр.
12) Цит. дело, 5.
13) Ibid, 6.
14) Ibid, 7.
15) Ibid, 8.

ликата меѓу филозофијата на природата на Демокрит и на Епикур. За „резултатот" што произлегува од овој негов труд Ѓерѓ Лукач вели дека „не изненадува со својата генијалност"[16]).

Водејќи сметка токму за поврзаноста на грчката филозо фија со стоичката, скептичката и епикурејската филозофија, пред Маркс се отвориле повеќе прашања. Во обидот да го најде одговорот тој тргнува од едно гледиште за античката филозофска мисла. Тоа ги содржи следните моменти:

— крајот на грчката филозофија се гледа во „две различни групи еклектички системи" — од една страна, тоа е стоицизмот, скептицизмот и епикуризмот како еден циклус, а од друга, александриската филозофска школа;

— по Платоновите и Аристотеловите филозофски системи кои биле раширени „до сеопфатност", се јавиле нови школи кои се потпираат на овие „богати творби на духот". Затоа Маркс се прашува: зарем не е чуден тој феномен?

Гледајќи подалеку во минатото, тие се свртуваат кон наједноставните школи, и тоа кога е во прашање физиката — кон филозофите на природата, а кога е во прашање етиката — кон сократовските школи. Која е причината што филозофските системи кои доаѓаат по Аристотел, како да ги наоѓаат своите основи подготвени во минатото? Зошто Демокрит се доведува во врска со Киренската школа, а Хераклит со киничарите?

Понатаму Маркс смета дека кај стоичарите, скаптичарите и епикурејците наполно се претставени сите моменти на самосвеста, а секој момент има посебна егзистенција?

Дали е тоа случајно? Зошто овие системи, земени заедно, чинат наполна конструкција на самосвеста?

На крајот, кога станува збор за карактерот со кој грчката филозофија почнала во митолошките ликови на Седумте мудреци и кои, така да се рече, се олицетворуваат во Сократ како еден демијург на филозофијата, значи кога станува збор за карактерот на мудреците — дали во спомнатите системи случај но се тврди дека претставува стварност на вистинската наука"[17])

За постаристотеловските шоли Маркс мисли дека се позначајни по својата „субјективна форма", за разлика од поранешните системи кои се позначајни по нивната содржина. Токму таа „субјективна форма" која Маркс ја нарекува „духовен носител на филозофските системи", била заборавена и речиси секогаш се испуштала од вид.

Од оваа општа оценка и гледиште за античката филозофија Маркс одбрал само еден „пример" и тоа во една „насока", а имено, во врска со поранешното умување".

---

16) Цит. дело, 11.
17) Цит. дело, 9.

Односот на Епикуровата и Димокритовата филозофија навидум не е „најпогодна појдовна точка“, бидејќи од една страна, постоела заблуда која е „стара колку и историјата на филозофијата“, а тоа е дека тие се идентични, а од друга страна, разликите се толку скриени што можат само „со микроскоп да се откријат“. Но, тоа е разлика која „се протега и на најситните детали“[18]).

Основната методолошка постапка го доведува Маркс пред сознанието дека Демокрит и Епикур имаат многу заеднички ставови во натур-филозофските и онтолошко-космолошките принципи, а тоа е толкувањето на светот со два принципа — безброј атоми и безграничен празен простор. Разликата во натур-филозофијата се содржи во деклинацијата на атомите, во скршнувањето од праволиниското движење според Епикуровото гледиште.

Ова тврдење нужно доведува до два спротивни заклучоци во поглед на практичкиот живот и однесувањето на човекот.

Епикур сакал да покаже дека човекот може да оствари среќен живот ако се ослободи од стравот од боговите и од стравот од смртта. Затоа канониката, физиката и етиката се три подрачја во кои тој одговара на суштинските прашања: Дали можат да го познавам светот, ако можам да го познавам, каков е тој свет и дали во зависност од моето место во светот можам да очекувам и да остварам слобода и среќа?

Од принципите на Демокритовата филозофија дека атомите се движат само праволиниски следува детерминираст, неизбежната нужност владее во природата, а тоа за човекот како дел од тој свет значи потчинување на судбината. Кај Епикур со оттргнувањето на атомите во нивното праволиниско движење во филозофијата на природата случајноста добива онтолошка заснованост. Тогаш кога „е несреќа да се живее потчинет на нужноста, не е нужно да се живее потчинет на нужноста. Секаде стојат отворени патиштата на слободата“[19]).

Во предговорот на Марксовата дисертација Вуко Павичевиќ вели дека „и Цицерон и Пјер Беил како главен мотив во учењето за деклинација на атомите гледале некое барање на потпирач и основа за можноста на човековата слобода“.

Она што претставува Марксова заслуга е истакнувањето на скршнувањето на атомот како суштински момент во поимот на самиот атом, а од друга страна гледиштето дека тоа учење за деклинација на атомот е во согласност со сите други делови на филозофијата на Епикур, имено, нивна сврзувачка нишка.

---

18) Ibid., 9.

19) Цит. дело, 15.

Ако атомот се оттргнува од праволиниското движење значи дека тој има момент на „осамостојност“, или како што вели Маркс „апстрактна поодделност“[20]).

Во учењето на стоичарите постои спротивно гледиште. Детерминизмот во природата го „заробува“ човекот во „канџите“ на судбината. Тој е дел од неа и слободен е само ако ја познае таа нужност и законитост што постои во природата.

Во сосема обратна насока, во поинаква форма, во епикурејското учење се толкува положбата на човекот во светот. Бидејќи се зборува за објективна случајност како можна слобода во границите на природното дејствување, тогаш и положбата на човекот ќе се одреди од неговата волја и од активноста во светот и од неговата волја. Тој во природата и по природа има слободно, вистинско место.

„Со разбивањето“ на детерминизмот во природата слободата на човекот станува природна состојба и таа може да се оствари. Човекот е слободно суштество — вели Маркс. Тоа ќе стане една од максимите на неговата филозофија.

Можеби со право ќе му припишиме на Маркс заслуга дека неговата оценка на Епикуровата филозофија во однос на Хегеловата, како што вели Лукач е „модерно гледиште“. Без предрасуди Мракс прави „подвиг“, бидејќи се свртува кон наследството од најголемите материјалисти на антиката. Во „Светото семејство“ тој ќе рече дека „францускиte и англиските материјалисти секогаш останале во тесен однос спрема Демокрит и Епикур“[21]).

Во дисертацијата има „особено силни тенденции на неговиот сопствен развиток“. Лукач тврди дека „големиот филозофско-историски успех“ што го постигнал Маркс во дисертацијата е тоа што од една страна тој се свртел кон материјалистичката традиција, а од друга направил обид во учењето на Епикур да открие „зачетоци на дијалектиката“[22]).

Таа дијалектика, според Лукач, е дијалектика на случајноста, гледиште кое на човекот му го отвора патот кон слободата“ Така материјализмот се посматра како „идеологија на еманципацијата на човекот“[23]).

Во обидот на Маркс да го надмине античкиот материјализам, надоврзувајќи се на дијалетичките зачетоци, Лукач. ја означува дисертацијата на Маркс како „прва клица на доцнежните Марксови тези за Фоербах“. Неговите пак гледања за општата концепција на историјата отстапува од Хегеловото сфаќање.

---

20) Цит. дело, стр. 16 од предговорот.

21) Енгелс, Маркс, „Свето семејство“.

22) Цит. дело, 17.

23) Цит. дело, 19.

Меѓутоа, би било сосема залудно да се бара некаква еднаквост меѓу античките материјалисти и материјализмот на Маркс. Дури обратно, Маркс го критикувал сиот поранешен, претходен материјализам, вклучувајќи го и античкиот.

Материјата во светот на механицистичките материјалисти во традиционалниот материјализам е само граѓа, нафрлен материјал. Нејзе ѝ е потребен надворешен двигател, некоја сила која ќе ја поттикне. Всушност, затоа тој материјализам не може да биде докрај доследен, бидејќи за него материјата нема творечка сила, способност да се движи сама од себе. Материјата во изворното значење е mater, мајка, создателка. Таа е противречна, дијалектична, во секој момент се појавува и се сменува новото.

Исто така кога станува збор за тоа како да се сфати вистината во рамките на механицистичкиот материјализам, тој се наоѓа пред сериозна тешкотија. Во процесот на познанието се спротивставуваат субјектот и објектот и најупростено субјектот го одразува објектот повеќе или помалку точно. Субјективизмот и објективизмот како крајни ставови на ваквото гледиште го надминува Марксовиот „нов" материјализам.

Но Епикуровата филозофија се разликува и од целокупната грчка филозофија. Почитувањето на небеските тела било култ за сите грчки филозофи.

Грчките филозофи во небеските тела го обожавале својот сопствен дух. Питагорејците, Анаксагора, Платон, Аристотел — сите имале религиозен однос кон небеските тела. Небото им го доделувале на богатите бидејќи тоа било бесмртно. Но, Епикур мисли дека тоа нема улога, не учествува во животот на смртниците.

Во Германската идеологија кога го критикуваат гледиштето на Макс Штирнер, Маркс и Енгелс во едно поглавје опширно пишуваат за некои проблеми од античката филозофија.

Во ставовите на Штирнер, според Маркс и Енгелс, „стварноста повторно е поставена на глава", бидејќи тој сметал дека „материјалната историја се произведува со идејната историја"[24])

Од Штирнер дознаваме што, божем, мислеле старите за својот свет, „тие му се спротивставувале на стариот, сопствен свет, наместо да настапуваат како негови производители". Така, историјата се сведува на историја на њилозофијата.

Всушност, „софос,", според Маркс и Енгелс, е „прв облик во кој пред нас се јавува грчкиот философос; митски тој настапува со седумте мудреци ,практично со Сократ, и како идеал со стоичарите, епикурејците, новоакадемичарите и скептичарите"[25]).

---

24) К. Маркс, Ф. Енгелс, Немачка идеологија, Култура, Београд, 1964, 140.

25) Ibid., 141.

Кај стоичарите мудрецот си го претставува животот во движење. Ова произлегува од стоичкото сфаќање на природата. Тоа сфаќање е „динамично, развојно, живо" како кај Хераклит, тоа е хераклитовски сфатена природа. Кај епикурејците обратно од толкувањето на Штирнер за кого тие сакаат „живот во движење", принципот на сфаќањето на природата е атомот, а животниот идеал е „божественото слободно време".

Дека Маркс ги изучувал темелно старогрчките филозофи укажува и неговото вонредно познавање на нивните погледи до ситници. Затоа може да го критикува гледиштето на Штирнер дека стоичката филозофија не се сведува единствено на етиката. Тие филозофијата ја делеле на „физика, етика и логика". Дека етиката на стоичарите не е нивната единствена наука говори и фактот дека тие „по Аристотел, се главните основачи на формалната логика и систематиката воопшто".

Меѓутоа, во стоичкото учење Маркс и Енгелс откриваат една би се рекло конзервативна црта, па затоа Епикур повторно е наречен просветител кој дури им се потсмевал на стоичарите како „на стари жени". Имено, стоичарите, од една страна, не успеале докрај, доследно да го изведат динамичкото сфаќање на природата без граѓа што би ја дала емпириската природна наука. Од друга страна, заради нивната желба спекулативно да го протолкуваат грчкиот свет, се заплеткуваат во видовништво.

„Гимназиската мудрост" на Штирнер се покажува и кога овој зборува за Римјаните. Тука ништо нема да каже освен дека „тие немаат филозофија". Така чудно е и тоа што тој во стоичарите го препознава и вбројува и Демокрит. Ако го преведете зборот εὐθυμία со „орекување од светот", како што прави Штирнер, можеби Демокрит „ќе стане" стоичар. Но, εὐθυμία значи „духовен мир", Демокрит го истражувал светот, тој не го откривал. Тој бил „прва енциклопедиска глава меѓу Грците", а тоа Штирнер не го знае.

Филозофијата на скептичарите пак не е „покоренита" од епикурејската како што мислел Штирнер. Скептичарите се управуваат спрема „привидот", бидејќи теоретскиот однос на луѓето спрема стварите го сведуваат на привид, а во практиката тие оставаа сè постаро"[26]).

Маркс заклучува дека додека стоичарите спекулативно ја преиначувале старата религија, а скептичарите наоѓале причина „привидот" за да можат својот суд да го проследат со „духовното воздржување", од епикурејците потекнува атеизмот кај Римјаните.

Еве некои заклучоци на Маркс врз основа на овие гледишта.

---

[26]) Ibid., 145.

1. За вистинското значење на последните антички филозофи од времето на распаѓањето на античкото општество, би требило да се донесе оценка врз основа на разгледувањата на „реалната животна положба на нејзините ученици под условите на римското царство".

2. Од друга страна, филозофијата на стоичарите, епикурејците и скептичарите „се сведува" на неоплатонизмот за кого Маркс вели дека таа филозофија „не е ништо друго туку фантастично опфаќање на стоичките, епикурерјските и скептичките учења заедно со содржината на Платоновата и Аристотеловата филозофија".

3. Од историјата на античката филозофија не произлегува историјата на античкото време.

4. Достигањата на античката филозофија на христијанство то му служат како „материјална база".

5. Еднострани се сфаќањата дека античката филозофија означува епоха на „реализам" или епоха на „идеализам" како што прават, според зборовите на Маркс и Енгелс, француските и англиските економисти, историчари и природонаучници, бидејќи „античкиот период исто така може да се сфати како идеалистички доколку старите во историјата претставуваат „citoyen", идеалистички политичар, додека модерните конечно се сведуваат на „bourgais", на реалистичкиот ami du uvmue, или пак може античкото доба исто така да се сфати како реалистичко, бидејќи во него заедницата беше „вистина", додека таа кај модерните е идеалистичка лага"[28]).

Маркс мисли дека е мал резултатот од „апстрактните противставувања" и „историските конструирања", античката филозофија е производ на „материјалната историја", а античките филозофи се наедно „производители" на античкиот свет.

Vera GEORGIEVA

## MARX'S INTEREST IN CLASSICAL PHILOSOPHY

### Summary

Marx's interest in classical philosophy is a field of study hhich has for long been neglected. The author consides it a mistake if the area was separated from others of Marx.

Marx considered that if one wished to understand the final philosophical contributions of the period of the decline of classical philosophy one has to survey „the real position of its followers in the Roman Empire".

---

[28]) Ibid., 148.

However, stoical, epicurian and sceptical philosophies have been reduced to neo-Platonism, about which Marx stated that „it was nothing more than a fantastic combination of stoical, epicurean and sceptical philosophies together with the philosophy of Aristotle. The history of the classical period did not result from the history of classical phiosophy. The achievements made in classical philosophy served as a materialist basis for Christianity.

The theories outlined by French and British economists, historians and pure scientists based on Marx and Engels's works that classical philosophy as either a period of „realism" or of „idealism" are biased.

Marx believed that chassical phisolophy was a product of „materialistic history" and the classical philosophers were „producers of the classical world.